РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВИШО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
А Бр. 126/20
23. 12. 2020 год.
ШТИП

Врз основа на чл.37 ст.1 од Законот за јавнообвинителски службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/15, бр.231/15 и бр.11/16), Вишиот јавен обвинител на Вишо јавно обвинителство Штип, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас за вработување на јавнообвинителски службеник во Вишо јавно обвинителство Штип, и тоа за работно место В3 Соработник Информатичар - 1 извршител, врз основа на Предлог на кандидати од комисијата за селекција за вработување се избира:

   **Вилијам Николоски**

2. Вработувањето на избраниот кандидат од точката 1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 15.10.2020 година во дневните весници „Вечер“, „Нова Македонија“ и „Коха“ објави јавен оглас бр.1/2020 за пополнување на работно место В3 Соработник Информатичар - 1 извршител, во Вишо јавно обвинителство Штип.

По спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, врз основа на Предлог на кандидати за вработување, Вишиот јавен обвинител на Вишо јавно обвинителство Штип изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ќе донесе решение за вработување на јавнообвинителски службеник на неопределено време.

Оваа одлука за избор се објавува на веб страницата и на огласната табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ШТИП

**ВИШ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**др. Тодор Витларов**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас, до Советот на јавнообвинителска служба во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија;
- Одделение за управување со човечки ресурси во ЈОРСМ;
- Избраниот кандидат;
- Архива.